**Порака од г-ѓа Одре Азуле, генерален директор на УНЕСКО,**
**по повод *Светскиот ден на книгата и авторското право***
**23 април 2025 година**

Отворањето книга е како отворање прозорец кон друг свет: свет кој ја слави различноста и каде сè е можно, а е ограничен само од човековата имагинација.

На *Светскиот ден на книгата и авторското право* во 2025 година, УНЕСКО ја слави моќта на книгите да ја поттикнат имагинацијата и да го обликуваат општеството. Додека ја одбележуваме 30-годишнината од овој Светски ден, истовремено се осврнуваме и на напредокот во промовирањето на писменоста и на универзалниот пристап до книгите, но ги согледуваме и предизвиците што остануваат.

Во изминатите три децении, УНЕСКО се посвети на промовирање на книгите и поттикнување на културата на читање не само преку своите 53 креативни градови на литературата, туку и преку мрежата на светски престолнини на книгата. Годинава, *Светската престолнина на книгата* за 2025 година - Рио де Жанеиро во Бразил, ќе покаже како книгите можат да предизвикаат општествени промени и да создадат одржливи економски придобивки, на пример преку *Парадата на книгите* и со отворање нови библиотеки во најранливите делови на градот.

Но за книгите да го ослободат својот целосен потенцијал, тие мора да ја одразуваат богатата јазична разновидност на нашиот свет. Многу заедници сè уште немаат доволно ресурси на својот мајчин јазик, што претставува пречка за ширењето на писменоста, за образованието и за виталното пренесување на културата низ генерациите. Токму затоа, од 2023 година, УНЕСКО работи на тоа илустрираната книга „Што нè прави луѓе" од Виктор Д. О. Сантос и Ана Форлати да им стане достапна на младите читатели на повеќе јазици. Хавајското издание на оваа книга што истражува како јазичната и културната разновидност го збогатуваат човештвото беше дистрибуирано до 4.000 ученици во февруари годинава.

Иако новите технологии имаат потенцијал да го прошират пристапот до книгите и издавачката инфраструктура, дигиталниот јаз продолжува да ги продлабочува нееднаквостите низ глобалната економија во делот на креативните индустрии. Како одговор на тоа, УНЕСКО реализира повеќе проекти за поддршка на издавачкиот сектор и заштитата на авторските права преку Меѓународниот фонд за културна различност, меѓу кои и иницијативите на автохтоните автори во дигиталното издаваштво во Бразил и за правата на интелектуална сопственост во Етиопија. Согледувајќи дека книжевниот и издавачкиот сектор се клучни двигатели на одржливиот развој, УНЕСКО ја мапира нивната експанзија низ Африка. Извештајот што ќе произлезе од тоа и ќе биде објавен оваа година, ќе ги анализира издавачките трендови, како и предизвиците и можностите за раст во сите 54 африкански земји-членки, со цел да се зајакне придонесот на издавачкиот сектор во економскиот и општествениот напредок.

Светот не може да напредува без книги. Ред по ред, страница по страница, тие ги хранат нашите мисли, ни помагаат да ги истражуваме новите можности и да ја поттикнеме креативноста потребна за справување со сложените предизвици со кои се соочува човештвото. Оваа „егзистенцијална креативност" како што ја нарекува нигерискиот писател Бен Окри, им овозможува на луѓето да ги посветат своите животи „на ништо помалку од повторно осмислување на општеството".

На ова одбележување на *Светскиот ден на книгата и авторското право*, ја потврдуваме нашата поддршка за читателите и писателите низ целиот свет затоа што денес креативноста ни е потребна повеќе од кога било досега.